**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**

ЗА ИЗРАБОТКА НА СОФТВЕР

19.11.2020

# Покана за понуди

Почитувани,

Коалиција „сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ - МАРГИНИ со поддршка на Kvinna till Kvinna, го спроведува проектот: „Модел училишта за спречување на родово-засновано насилство“. Во рамките на овој проект планирани се активности за зајакнување на капацитетите на организацијата. Предвидена е изработка на софтвер со база на податоци за документирање на случаи на повреда на правата на маргинализираните заедници.

Ве покануваме да ги доставите вашите понуди најдоцна до 30.11.2020 година, до 17.00 часот по елетронски пат на електронската адреса: koalicijaszpmz@gmail.com

Во делот на технички спецификации обезбедени се информации и детали за поедноставно осмислување на понудите.

Срдечно,

Стефан Богески
Проектен координатор
Коалиција МАРГИНИ

## Инструкции за понудувачите

1. **Договорен орган**

Договорен орган е Коалиција „сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ – МАРГИНИ - Скопје со адреса: ул. Франклин Рузвелт бр. 8-1/7, 1000 Скопје.

За сите информации од технички карактер како и во однос на проблематиката предмет на потребните продукти може да се обратите на лице за контакт: Стефан Богески, 075 440 343 или на електронската пошта: koalicijaszpmz@gmail.com

2. **Предмет на договорите за набавка е делив и е составен од два делови:**

- Изработка на софтвер;
- Одржување на софтверот во период од 2 години.

За секој предмет ќе биде склучен посебен договор за набавка. Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа документација.

**3. Начин на испорака / извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача по електронски пат на koalicijaszpmz@gmail.com

**4. Рок на испорака / за извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 50 денови од денот на склучување на договорот за набавка на сите продукти.

**6. Начин на плаќање**

Плаќањето ќе се изврши по доставување на фактура (правни лица) или склучување на договорот (физички лица).

**7. Право на учество**

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице -понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка. Право да достави понуда има и секое заинтересирано домашно физичко лице - понудувач, кое има професионално портфолио во дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

**8. Јазик на понудата**

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилично писмо.

**9. Период на важност на понудите**

Периодот на важност на секоја понуда ќе изнесува 30 работни денови од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

**10. Цена на понудата**

Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

**11. Валута на понудата**

Цената на понудата се изразува во денари.

**12. Краен рок и место за поднесување на понудите**

- Краен рок за поднесување на понудите е 30 ноември 2020 година до 17:00 часот

- Понудите се поднесуваат на електронски на koalicijaszpmz@gmail.com

**13. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена**

**14. Критериум за доделување на договорот/ите**

Како критериум по кој понудувачот ќе се води за избор на потребните продукти е цената која Коалиција МАРГИНИ ќе ја смета за најповолна.

**14. Известување за доделување на договорите за набавка**

14.1. По завршувањето на изборот до сите учесници се испраќа известување за операторот кој што поднел најповолна понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

14.2. Избраниот/те оператор/и ќе биде известени во електронска форма дека понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

**15. Технички спецификации**

Ова Барање се состои од два делови за што ќе бидат склучени договори за соодветно избраните понуди.

Дел 1 – Изработка на софтверот

Дел 2 – Одржување на софтверот за период од 2 години

**Дел 1**

Позадина

Една од програмите што ја разликува Коалиција МАРГИНИ од другите организации е програмата за документирање на случаи на кршење на правата на маргинализираните заедници. Коалиција МАРГИНИ има развиено своја база на податоци каде што се архивираат документираните случаи. Целта на оваа програма е да има пристап базиран на докази во застапувањето за политики и закони важни за маргинализираните заедници. Имајќи предвид дека многу припадници на овие заедници не сакаат или не бараат правни служби и не ги користат правните механизми за решавање на нивните правни проблеми, програмата за документирање на случаи ги користи овие случаи за да препознае образец

во кршењето на правата меѓу маргинализираните заедници и врз основа на тоа да создаде стратешки пристап за надминување.

До сега, документирањето на случаи се прави на формулар креиран во goggle forms[1] поврзан со емаил адресата на правната советничка на Коалиција МАРГИНИ. Една од потешкотиите на базата на одговори (документирани случаи) goggle forms е тоа што:

1. Нема опција да се ревидираат одговорите кои ги внесуваат целните заедници пред да отидат во базата на податоци. Целните заедници многу често не ги препознаваат различните повреди на права, а и внесуваат погрешни податоци поврзани со другите прашања, кои мора да се ревидираат пред да влезат во завршната статистика.

2. Дата базата ги дава сите одговори заедно по прашања, и нема флтри за временски период, вид на повреди на права, место на случување, карактеристики на жртвите. Оттука, во овој момент нема можност брзо да се види релевантна статискита од случаите, на пример, колку документирани случаи на повреда на правата на ЛГБТИ луѓето има во 2019 година. Поради овие ограничувања, во најголема мера се користи формулар во ворд, а секој пат кога е потребно случаите рачно се бројат.

Тимот на Коалиција Маргини во повеќе наврати заговарал за креирање на посебен софтвер со дата база на податоци за документирање на случаи, каде ќе се внесуваат сите случаи и ќе се овозможи преглед на податоците по неколку одбрани филтри.

**Технички карактеристики:**

Операторот во понудата треба да обезбеди изработка на софтвер со база на податоци за документирање на случаи на повреда на правата на маргинализираните заедници.

Софтверот треба да биде хостиран на посебна веб страна, поврзана со веб страната на Коалиција Маргини[2]. Софтверот треба да:
- има Админ Панел за корисникот кој ќе ги одобрува/одбива поднесените случаи и ќе добва известување на email за секој поднесен одговор во формата;
- го вклучува формуларот за документирање случаи на 4 јазици;
- има можност за одобрување и менување на внесентите одговори пред да влезат во базата на податоци;
- обезбеди преглед на одговорите еден по еден;
- обезбеди преглед на одговорите во табела;

---

[1] https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeVRtvKqSOTJel-rfyTq3M9uCPhT8wS_u6eEsrz_j9rPLC-2Q/viewform
[2] http://coalition.org.mk/

- обезбеди преглед на одговорите по неколку одбрани филтри (време, место, карактеристики на жртва, вид на повреда на правото, дали случајот е пријавен и дали има волја да се пријави)
- има можност за поврзаување на одговорите (пр. Број на случаи на насилство врз луѓе што употребуваат дроги за периодот септември- декември 2018 година; процент на случаи на поврди на права на луѓе со попреченост кои го пријавиле случајот во надлежна институција за 2020 година).

**Дел 2**

Одржување на софтверот за период од 2 години

Операторот во понудата треба да обезбеди припејд понуда за одржување на софтверот во период од 2 години.

Временска рамка: Операторот треба да се води по следнава временска рамка:

ВРЕМЕНСКА РАМКА

Изработка на софтвер најдоцна до: 20 јануари 2021